

Програма на Европската Унија за транзициска помош и институционален развој ТАИБ 2010

# ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЗАКОНОДАВСТВОТО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА НА ЛОКАЛНО НИВО

## *Упатство за комуникација и координација*

*Финална верзија, датум 18.05.2016*

**EuropeAid/134079/D/SER/MK**

Проектот е финансиран
од Европската унија

Проектот е имплементиран од Ramboll
и неговите конзорциумски партнери

| | |
|---|---|
| Датум: | 18 мај 2016 год. |
| Изготвила: | Бојана Станојевска Пецуровска |
| Провериле: | Иан Маклеан, Фана Христовска |
| Одобрил: | Раул Дауса |
| Опис: | Упатство за комуникација и координација |

Реф.бр: EuropeAid/134079/D/SER/MK

Ramboll Danmark A/S и неговите конзорциумски партнери се целосно одговорни за содржината на овој извештај и истата на ниту еден начин не ги одразува ставовите на Европската унија.

Ramboll
Hannemanns Allé 53
DK-2300 Copenhagen S
Denmark
T +45 5161 1000
F +45 5161 1001
www.ramboll.com

# СОДРЖИНА

**КРАТЕНКи3**

| | | |
|---|---|---|
| **СИНОПСИС НА ПРОЕКТОТ** | | **4** |
| **1.** | **ВОВЕД** | **7** |
| 1.1 | Содржина на упатството | 7 |
| 1.2 | Позадина | 7 |
| 1.3 | Цел | 7 |
| **2.** | **СЕГАШНА СОСТОЈБА ВО ВРСКА СО КОМУНИКАЦИЈАТА И КООРДИНАЦИЈАТА** | **8** |
| **3.** | **ПРЕПОРАКИ ЗА КОМУНИКАЦИЈА И КООРДИНАЦИЈА** | **9** |
| 3.1 | Механизми за комуникација и координација | 10 |
| 3.2 | Процедури за комуникација и координација | 14 |
| 3.3 | Алатки за комуникација и координација | 15 |
| 3.4 | Одржување и евалуација на механизмите за комуникација и координација | 16 |

# КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| УЖС | Управа за животна средина |
| План за КК | План за комуникација и координација |
| ССЛСУНР | Секторот за соработка со локална самоуправа и управно-надзорни работи |
| ИСКЗ | Интегрирано спречување и контрола на загадувањето |
| ЛЕАП | Локален еколошки акциски план |
| ЕЛС | Единици на локалната самоуправа |
| МЖСПП | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| СПЖС | Стратешка проценка на животната средина |
| ДИЖС | Државен инспекторат за животна средина |
| ЗЕЛС | Заедница на единиците на локалната самоуправа |

# СИНОПСИС НА ПРОЕКТОТ

<table>
<tr><td>Наслов на програмата</td><td colspan="3">Програма на Европската Унија за ИПА техничка помош и институционална надградба - ТАИБ 2010</td></tr>
<tr><td>Наслов на проектот</td><td colspan="3">Зајакнување на капацитетите за имплементација на законодавството за животна средина на локално ниво</td></tr>
<tr><td>Реф.бр.:</td><td colspan="3">EuropeAid/134079/D/SER/MK</td></tr>
<tr><td>Број на договор</td><td colspan="3">11-41299/1</td></tr>
<tr><td>Времетраење на проектот</td><td colspan="3">јануари 2015 – јули 2016 год.</td></tr>
<tr><td>Почеток на проектот (датум на Иницијален состанок)</td><td colspan="3">20 јануари 2015 год.<br>(22 јануари 2015 год.)</td></tr>
<tr><td>Датум на завршување на проектот</td><td colspan="3">20 јули 2016</td></tr>
<tr><td>Име и презиме:</td><td>Јадранка Иванова, виш програмски службеник</td><td>Радица Коцева, Раководител на ЦФЦД</td><td>Раул Дауса, Директор на Проектот</td></tr>
<tr><td>Улога:</td><td>Корисник</td><td>Договорен орган</td><td>Изведувач</td></tr>
<tr><td>Адреса:</td><td>МЖСПП<br>Бул. „Гоце Делчев“ бр.18 (Зграда на МТРВ, 10-ти спрат)<br>1000 Скопје, Република Македонија</td><td>ЦФСД<br>Министерство за финансии<br>Ул. „Даме Груев“ бр.14<br>1000 Скопје, Република Македонија</td><td>Ramboll<br>Hannemanns Allé 53, 23000 Копенхаген, Данска</td></tr>
<tr><td>Телефон:</td><td>+389 75 250 234</td><td></td><td>+45 5161 6942</td></tr>
<tr><td>Факс:</td><td>+ 389 2 3220 165</td><td>+389-2-3231-219</td><td>+45 4598 8510</td></tr>
<tr><td>E-mail:</td><td>j.ivanova@moepp.gov.mk; jadrankaivanova@hotmail.com</td><td>radica.koceva@finance.gov.mk</td><td>RD@ramboll.dk</td></tr>
<tr><td>Контакт лице:</td><td>Јадранка Иванова</td><td>Радица Коцева</td><td>Раул Дауса</td></tr>
<tr><td>Општа цел</td><td colspan="3">Општа цел на проектот е да придонесе кон унапредување на заштитата на животната средина, мониторинг и имплементација на националното законодавство за животна средина во државата, на централно и локално ниво.</td></tr>
<tr><td>Цел</td><td colspan="3">Целта на овој Проект е:<br>• Да ги унапреди капацитетите на единиците на локалната самоуправа за имплементација на законодавството за животна средина.<br>• Да ја подобри координацијата помеѓу централната и локалните власти во имплементацијата на законодавството за животна средина.</td></tr>
<tr><td>Очекувани резултати</td><td colspan="3">РЕЗУЛТАТ 1 Зајакнати административни капацитети<br>• Проценка на административните капацитети на општинско ниво за имплементација на барањата за животна средина и проценка на нивните законски надлежности за животна</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | средина кои тие ги спроведуваат;<br>• Изготвена Програма за реформирање и зајакнување на административните капацитети за имплементација на законодавството за животна средина на општинско ниво, заедно со листа на правни документи кои ја поддржуваат примената на обврските за животна средина на локално ниво.<br>• Одобрена долгорочна и краткорочна Програма за обуки, и реализација на обуките согласно краткорочната Програма;<br>• Зајакнување на административните капацитети за имплементација на законодавството за животна средина на централно и локално ниво;<br><br>**РЕЗУЛТАТ 2 Изготвени законски документи за животна средина кои придонесуваат кон имплементацијата на обврските за животна средина на локално ниво**<br>• Изготвени законски документи (прирачници, упатства, потсетници, процедури и сл.) и, ако е неопходно, правни акти за имплементација на одредени правни акти за животна средина за кои се надлежни единиците за локална самоуправа, вклучувајќи и Насоки за проценка на елаборатите за заштита на животната средина на локално ниво согласно членот 24 од Законот за животна средина;<br>• Изготвено упатство за тоа како се подготвуваат инфраструктурни проекти финансирани од ЕУ,<br>• Изготвена Програма за подигнување на еколошката јавна свест на локално ниво; и<br>• Надградба на софтвер и развивање Програма за воведување систем за прибирање податоци, известување и информирање за избрани единици на локалната самоуправа.<br><br>**РЕЗУЛТАТ 3 Имплементација на важечките правни акти кои се однесуваат на животната средина на локално ниво**<br>• Имплементација на избраните (најприоритетни) мерки од Програмата за реформи и зајакнување на административните капацитети за имплементација на барањата за животна средина на општинско ниво;<br>• Реализирани обуки за развој и имплементација на локални еколошки акциски планови за 40 лица и изготвени препораки за унапредување на процесот на ЛЕАПи и мониторинг на имплементацијата на ЛЕАПи во избраните единици на локална самоуправа;<br>• Унапредена имплементација на законодавството за животна срединана локално ниво првенствено во однос на квалитетот на воздухот, водата и интегрираното спречување и контрола на загадувањето, со акцент на прашањата кои треба да бидат земени предвид кога се издаваат дозволи за Б-инсталации (мониторинг на воздухот и бучавата, оцена за влијанието врз животната средина преку елаборат за заштита на животната средина); како и изготвување и имплементација на прирачници, упатства и инструкции за оваа цел. |
| **Главни активности** | • Активност 1 Изготвување и имплементација на План за |

<table>
<tr><td></td><td>инволвирање на засегнатите страни<br>• Активност 2 Проценка на законските барања за активности за заштита на животната средина во единиците на локална самоуправа и проценка на административните капацитети за имплементација и изготвување на неопходната реформска програма<br>• Активност 3 Имплементација на зајакнување на административните капацитети во единиците на локалната самоуправа<br>• Активност 4 Зајакнување на изготвувањето и имплементацијата на локални еколошки акциски планови<br>• Активност 5 Изготвување и спроведување на програма за обука<br>• Активност 6 Подигнување на јавната свест и управување со информации</td></tr>
<tr><td>Клучни засегнати страни</td><td>• Министерство за животна средина и просторно планирање (Сектор за соработка со локалната самоуправа, Сектор за ИПА, Сектор за EU);<br>• Министерство за локална самоуправа;<br>• Заедница на единиците на локална самоуправа (ЗЕЛС);<br>• Девет (9) избрани пилот единици на локалната самоуправа;<br>• Осум (8) центри за развој на планските региони (ЦРПР);<br>• Невладини организации релевантни за проектните активности;<br>• Б-инсталации во деветте избрани пилот единици на локалната самоуправа;<br>• Јавни претпријатија;<br>• Општата јавност.</td></tr>
<tr><td>Целни групи</td><td>• Министерство за животна средина и просторно планирање (Сектор за соработка со локалната самоуправа, Сектор за ИПА, Сектор за EU);<br>• Министерство за локална самоуправа;<br>• Заедница на единиците на локална самоуправа (ЗЕЛС);<br>• Девет (9) избрани пилот единици на локалната самоуправа
<table>
<tr><td>Плански регион</td><td>Град/ единица на локалната самоуправа</td></tr>
<tr><td>Скопски регион</td><td>- Град Скопје<br>- Општина Ѓорче Петров<br>- Општина Аеродром</td></tr>
<tr><td>Полошки регион</td><td>- Општина Тетово<br>- Општина Гостивар<br>- Општина Јегуновце</td></tr>
<tr><td>Југозападен регион</td><td>- Општина Охрид<br>- Општина Македонски Брод<br>- Општина Дебарца</td></tr>
</table></td></tr>
<tr><td>Автори на извештајот</td><td>Бојана Станојевска Пецуровска</td></tr>
</table>

# 1. ВОВЕД

Овој Извештај е изготвен во рамките на проектот „Зајакнување на капацитетите за имплементација на законодавството за животна средина на локално ниво" EuropeAid/134079/D/SER/MK, финансиран од Програмата на Европската унија за транзициска помош и институционален развој – ТАИБ 2010. Главен корисник на проектот е Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија (МЖСПП). Други корисници на проектот се Министерството за локална самоуправа и деветте единици на локалната самоуправа избрани да учествуваат во проектот: Град Скопје, Ѓорче Петров, Аеродром, Тетово, Гостивар, Јегуновце, Охрид, Македонски Брод, Дебрца и Здружението на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС).

## 1.1 Содржина на упатството

Ова упатство содржи кратки информации за видот на комуникација и координација кои треба да бидат воспоставени, механизмите за комуникација и координација, каналите како и процедурите за воспоставување на успешна комуникација и координација помеѓу засегнатите страни. Структурата на овој документ е следна:

1. Сегашна состојба во врска со комуникацијата и координацијата

2. Препораки за подобрување на комуникацијата и координацијата

- механизми за комуникација и координација
- процедури за комуникација и координација
- алатки за комуникација и координација
- одржување и евалуација на механизмите за комуникација и координација

## 1.2 Позадина

Според активноста 3.4. од Почетниот извештај на проектот, се очекува консултантот да изготви упатство за комуникација и координација со цел подобрување на комуникацијата и координацијата помеѓу општините и МЖСПП. Ова упатство е правен документ чија цел е зајакнување на имплементацијата на Планот за комуникација и координација изготвен во рамките на проектот.

## 1.3 Цел

Главна цел на ова упатство е воспоставување на ефективна и проактивна комуникација и координација помеѓу централните и локалните власти, како и поддршка на имплементацијата на законодавството за животна средина на локално ниво, преку зајакната комуникација и координација.

Освен тоа, упатството ќе биде основа за добра соработка, размена на информации и размена на добри пракси и искуства.

Паралелно со тоа и повеќе од формален аспект, упатството ќе ја поддржи имплементацијата на Планот за комуникација и координација (План за КК) изготвен во рамките на проектот и потоа усвоен од МЖСПП.

# 2. СЕГАШНА СОСТОЈБА ВО ВРСКА СО КОМУНИКАЦИЈАТА И КООРДИНАЦИЈАТА

Планот за комуникација и координација (План за КК) ги анализира улогите на секој орган и формите на комуникација и координација помеѓу нив и во нив самите. Главните органи вклучени во активна комуникација и координација се МЖСПП, единиците на локалната смаоуправа, ЗЕЛС, Државниот инспекторат за животна средина и, понекогаш, другите надлежни министерства и државни агенции.

МЖСПП има водечка улога во процесот на изготвување на законодавството за животна средина и негово комуницирање со единиците на локалната самоуправа преку ЗЕЛС. Во МЖСПП постои Сектор за координација со единиците на локалната самоуправа но информациите од/ до единиците на локалната самоуправа и другите засегнати страни се комуницираат преку различни сектори во рамките на МЖСПП, зависно од проблематиката. Ваквата поставеност не дава можност за повратен одговор од единиците на локалната самоуправа до МЖСПП, што доведува до недоволна свест кај МЖСПП во врска со тоа каква е состојбата во општините.

ЕЛС имаат обврска да го имплементираат законодавството за животна средина на локално ниво. Главна точка за комуникација во секоја единица на локалната самоуправа во однос на животната средина е Секторот за животна средина. Во моментов не постои одговорно лице задолжено за комуникација со МЖСПП, интерно со другите сектори во рамките на ЕЛС или со другите засегнати страни, поради што комуникацијата со сите релевантни засегнати страни ја вршат претставници од Секторот за животна средина врз основа на нивната добра волја.

Здружението на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС) делува како посредник во комуникацијата помеѓу централното и локалното ниво, и има обврска да им дава поддршка на ЕЛС. ЗЕЛС најмногу го гледаат како организатор на обуки за претставниците на единиците на локалната самоуправа во разни области, како што е и животната средина т.е. како канал за дисеминирање на информациите помеѓу МЖСПП и ЕЛС и како дистрибутор на нацрт законските решенија изготвени од МЖСПП до единиците на локалната самоуправа, и давање одговор до МЖСПП. ЗЕЛС исто така се користи како канал за дисеминирање на информациите за нови или изменети законски решенија од централно на локално ниво и за давање одговор од локално до централно ниво. Притоа, ЗЕЛС не го следи квалитетот и квантитетот на информациите кои се добиваат повратно, што значи дека нема податоци кои би можеле да се искористат за да се процени ефективноста на комуникацијата и координацијата помеѓу централното и локалното ниво.

Државниот инспекторат за животна средина неодамна стана независен од МЖСПП и начините на комуникација и координација на национално ниво помеѓу Инспекторатот и МЖСПП допрва треба да се доразвиваат. Инспекторатот повеќе нема законска обврска да ги доставува своите годишни планови за инспекција до МЖСПП на одобрување, со што Инспекторатот ќе продолжи да комуницира со МЖСПП врз основа на добрата волја.

Во моментов не постои официјално структурирана комуникација помеѓу властите за животна средина на централно и локално ниво. Комуникацијата и координацијата повремено ја врши МЖСПП и тоа за некои важни прашања или кога се бараат конкретни податоци. Обично комуникацијата е овозможена преку разни неформални канали (телефонски, емаил), врз основа на актуелните потреби и врз основа на добрата волја на поединците кои се вклучени.

Ваквата ситуација доведува до дуплирање на активностите и повторување на некои работи повеќе пати, како и до грешки во комуникацијата и до немање на разбирање помеѓу властите.

Во основа, механизмите за комуникација не се добро развиени и комуникацијата не се смета за важно прашање кај повеќето од органите. Таа станува важна само тогаш кога постои итна потреба од комуникација, но без формализиран и стандардизиран начин на испраќање на информациите до крајниот корисник и без имање на стандардизирани барања за добивање на одговор.

Во моментов, координацијата е недоволна а акцентот е ставен само на законската рамка со став дека таа е доволна да обезбеди имплементација на надлежностите од страна на ЕЛС. Ова може да доведе до поинакво толкување на законодавството и до немање на соработка помеѓу единиците на локалната самоуправа, како и помеѓу единиците на локалната самоуправа и централното ниво.

упатството за комуникација и координација има за цел да даде препораки за тоа како да се унапреди комуникацијата на формален и стандардизиран начин кој ќе ја поддржи успешната имплементација на законодавството за животна средина на локално ниво.

# 3. ПРЕПОРАКИ ЗА КОМУНИКАЦИЈА И КООРДИНАЦИЈА

Ефективната комуникација и координација помеѓу органите за животна средина на централно ниво е важна за имплементација и спроведување на законската рамка на локално ниво. Мора да се воспостави континуиран проток на информации помеѓу органите задолжени за животна средина, како предуслов за успешна комуникација и координација. Размената на информации ќе го избегне дуплирањето на активностите и ќе ја зајакне соработката помеѓу органите и довербата во процесот на донесување на одлуки.

Обезбедувањето на ефективна комуникација и координација е долготраен процес кој треба континуирано да се гради, да се евалуира, да се следи и редовно да се ажурира согласно актуелните потреби и развојни услови.

Комуникацијата и координацијата помеѓу органите за животна средина треба да се фокусира на следново:

- обезбедување навремена размена на информации помеѓу органите за животна средина
- вклучување на сите релевантни органи во процесот на донесување на одлуки
- обезбедување на долгорочен, ефективен систем за комуникација помеѓу органите за животна средина
- обезбедување координација на активностите преземени на централно и локално ниво
- подобрување на соработката помеѓу МЖСПП, ЕЛС и другите органи за животна средина на централно и локално ниво
- обезбедување транспарентна и отворена комуникација помеѓу МЖСПП и ЕЛС
- обезбедување двонасочна комуникација помеѓу органите за животна средина на централно и локално ниво
- подобро разбирање на законодавството преку обезбедување насоки за ЕЛС од страна на МЖСПП
- подобрување на обуката за ЕЛС

Планот за комуникација и координација ги определува органите задолжени за животна средина на централно и локално ниво кои можат да се користат како целни групи за пдообрување на комуникацијата во ова упатство, и тоа:

- Министерство за животна средина и просторно планирање;
- Други министерства (Министерство за здравство, Министерство за економија, Министерство за транспорт и врски, Министерство за локална самоуправа,

Министерство за образование и наука и Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство);
- Единици на локалната самоуправа (ЕЛС);
- ЗЕЛС;
- Државен инспекторат за животна средина; и
- Државни агенции (Дирекција за заштита и спасување, Центар за управување со кризи, Управа за хидрометеоролошки работи, Хидробиолошки институт и Институт за јавно здравство).

Секој од овие органи треба да назначи службено лице за комуникација/ одговорно лице задолжено за комуникација со службеното лице за комуникација во Секторот за соработка со локална самоуправа и управно-надзорни работи како сектор задолжен за комуникација и координација со единиците на локалната самоправа и други прашања во врска со животната средина релевантни на локално ниво.

## 3.1 Механизми за комуникација и координација

**Комуникација и координација помеѓу МЖСПП и единиците на локалната самоуправа**

Комунукацијата помеѓу МЖСПП и ЕЛС е од суштинско значење за имплементација на законодавството за животна средина на локално ниво. Комуникацијата помеѓу овие две засегнати страни треба да се одвива преку службеникот за комуникација/ одговорното лице назначено во секоја институција. Комуникацијата помеѓу двете засегнати страни може да биде формална и неформална, еднонасочна или двонасочна, преку разни канали на комуникација, при што целта на комуникацијата е јасно разбрана од службеното лице за комуникација кое ја испраќа информацијата. Прашањата кои треба да бидат комуницирани детално се објаснети во делот за службеник за комуникација, при што, тоа не е сеопфатна листа на прашања. Следи предлог за механизми за комуникција и координација кои се сметаат како важни за постоење на успешна комуникација помеѓу МЖСПП и единиците на локалната самоуправа:

1. Назначување на **службеник за комуникација** во МЖСПП и во секоја ЕЛС, до кое ќе бидат упатени сите барања/ прашања и кое ќе одговара на нив. Ова лице исто така ќе биде задолжено за дисеминација на информациите до релевантните приматели во самата институција или вон неа.

2. **Известувања по емаил**, кои можат да се испраќаат дневно, неделно или месечно од страна на службеникот за комуникации или од други вработени ако е потребно, но во координација со службеникот за комуникации.

3. **Електронски билтени** кои треба да ги иницира и на тримесечно ниво да ги изготвува службеникот за комуникации, но притоа изготвувањето треба да биде во соработка со вработените во Секторот за соработка со локална самоуправа и управно-надзорни работи. Билтенот може да содржи информации кои се однесуваат на нова и/ или изменета законска рамка, напредок во спроведувањето и имплементацијата на законодавството на локално ниво, како и важни информации кои се релевантни на локално ниво.

4. **ЗЕЛС** обично се користи за дисеминација на информациите во врска со нови законски решенија или измени во постојните, и може исто така да се користи за информирање за правни прашања и за обуки кои би биле организирани во врска со законската рамка. Службеникот за комуникации во МЖСПП треба да испрати известување до службеникот во ЗЕЛС и потоа информацијата ќе биде испратена.

5. Може да се организираат **работни групи** со цел испраќање на разни информации. Службеникот за комуникации треба да процени дали/ кога треба да бидат организирани

конкретни работни групи. Подготвувањето и реализирањето на работните групи треба да се прави заедно со другите вработени од Секторот за соработка со локална самоуправа и управно-надзорни работи.

6. **Прашалник за надзор** е механизам кој веќе се користи за комуникација и координација помеѓу МЖСПП и единиците на локалната самоуправа. Овој прашалник изготвен од МЖСПП треба да се прошири согласно препораките наведени во TR 15 „Упатство за надзор врз општините" изготвен во рамкуите на проектот и кој еднаш годишно ќе биде испратен до сите единици на локалната самоуправа за пополнување.

7. **Документите – упатства** изготвени во рамките на проектот како правни документи 1-15 треба да ги опфатат сите надлежности делегирани на единиците на локалната самоуправа согласно законодавството за животна средина. МЖСПП треба да го организира изготвувањето на овие упатства

8. МЖСПП треба да организира **програми за обука** (Секторот за соработка со локална самоуправа и управно-надзорни работи), или тоа да го направи ЗЕЛС, зависно од прашањата кои се сака да бидат искомуницирани со единиците на локалната самоуправа. ЗЕЛС може да помогне во координирањето и организирањето на обуките за законодавството или за други релевантни прашања.

Успешното искористување на горенаведените механизми треба да биде поддржани со користење на разни канали за конуникација. Во табелата подолу предлагаме неколку такви канали за комуникација кои би биле поддршка на механизмите кои се идентификувани.

**Табела 1 – Примери за канали за комуникација кои можат почесто да се користат**

| Канал за комуникација | Начини на комуникација | Со која цел | Рок за одговор | Одговорно лице |
|---|---|---|---|---|
| **Официјални писма испратени на писмено (хартија) директно до примателот** | Двонасочна | Известувања за новоусвоено законодавство, Известувања за релевантни обуки, Известувања, Барања, Разни релевантни информации | 1 недела | Раководителот на сектор или повисок орган во институцијата која го испраќа известувањето |
| **Официјална емаил комуникација** | Двонасочна | Известувања за новоусвоено законодавство, Известувања за релевантни обуки, Известувања, Барања, Разни релевантни информации | 1-2 дена | Раководителот на сектор или повисок орган во институцијата која го испраќа известувањето |
| **Комуникација преку интернет страницата** | Еднонасочна | Испраќање на информации важни за локално ниво Информации за новоусвоено или изменето законодаство | / | Канцеларија за односи со јавност во рамките на МЖСПП или ЕЛС Службеник за комуникации во МЖСПП |
| **Емаил брифинзи** | Двонасочна | Испраќање на информации важни за локално ниво Информации за | 1-2 дена | Службеник за комуникации во МЖСПП |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | новоусвоено или изменето законодавство Известувања за разни обуки Информации за планирани состаноци, работни групи | | |
| **Електронски билтени** | Еднонасочна | Информации за напредокот на единиците на локалната самоуправа, нови проекти на МЖСПП, законска рамка, совети и препораки за одредени подобрувања на локално ниво | / | Службеник за комуникации во МЖСПП |
| **Мрежа на ЗЕЛС за животна срeдиина** | Еднонасочна | Информации за новоусвоено законодавство, Известувања за релевантни обуки. | / | Службеникот за комуникации во МЖСПП треба да испрати информации до координаторот во ЗЕЛС, кој ќе ги дисеминира информациите |

**Комуникација и координација помеѓу Секторот за соработка со локална самоуправа и управно-надзорни работи и другите сектори во рамките на МЖСПП (Македонски информативен центар за животна средина, Управа за животна средина)**

Комуникацијата помеѓу Секторот за соработка со локална самоуправа и управно-надзорни работи и другите сектори е подеднакво важна за успешно спроведување на секојдневните активности. Од тие причини, важно е да се воспостави редовна комуникација помеѓу разните сектори во рамките на МЖСПП. Македонскиот информативен центар за животна средина, Управата за животна средина и Секторот за ЕУ се важни сектори во рамките на МЖСПП за имплементација на законодавството за животна средина на локално ниво. Од тие причини, неопходно е да се воспостави редовен проток на информации помеѓу овие сектори. Комуникацијата и координацијата може да се воспостави преку емаил или преку формални писма со кои се решаваат конкретни прашања и проблеми. Уште еден начин за воспоставување на добра комуникација и координација помеѓу секторите е одржување на редовни состаноци со претставници од секој сектор.

Слика 1 – Проток на комуникација помеѓу секторите во рамките на МЖСПП




## Комуникација и координација помеѓу единиците на локалната самоуправа и Државниот инспекторат за животна средина

Комуникацијата помеѓу Државниот инспекторат за животна средина и ЕЛС е фокусирана и се однесува на реализирани инспекции и планови за инспекции, при што Инспекторатот комуницира директно со овластените инспектори за животна средина на локално ниво. Инспекторатот исто така е национален орган задолжен за спроведување на законодавството за животна средина и има обврска за надзор врз локалните планови за инспекција во животната средина.

Поради тоа, од суштинска важност е да биде воспоставена комуникација ако сакаме да имаме имплементација на законодавството за животна средина на локално ниво.

Комуникацијата и координацијата помеѓу Државниот инспекторат за животна средина и единиците на локалната самоуправа треба да бидат секојдневни, особено ако овластените локални инспектори се соочуваат со проблеми при вршење на инспекција или кога ги спроведуваат плановите за инспекција. Секојдневната комуникација може да се обезбеди преку телефон или емаил. Во насока на решавање на конкретни проблеми би можеле исто така да се организираат и работилници или помали состаноци, организирани од страна на Инспекторатот. Со цел подобра координација, Секторот за соработка со локална самоуправа и управно-надзорни работи треба исто така да биде вклучен во организацијата, или во најмала рака информиран, за тековните активности кај единиците на локалната самоуправа и Државниот инспекторат за животна средина.

Планирањето и известувањето за инспекциите може да се комуницира и координира преку системот за управување со работните процеси (BPMS). Овој систем е во постапка на инсталирање и тестирање и, откако ќе биде ставен во функција, ќе содржи модули за планирање, известување и спроведување на инспекциските процедури.

Неопходно е воведување на состаноци еднаш или двапати годишно помеѓу Државниот инспекторат за животна средина и овластените локални инспектори, како редовна пракса, на кои би се дискутирало за разни проблеми, информации и за напредокот во спроведувањето.

Државниот инспекторат за животна средина предлага локалните инспектори да работат директно со него, што е уште еден можен пристап кон ова прашање.

**Комуникација и координација помеѓу МЖСПП, ЗЕЛС и единиците на локалната самоуправа**

ЗЕЛС има улога да ги застапува интересите на единиците на локалната самоуправа пред централната власт. ЗЕЛС исто така има функција на посредник и фацилитатор во комуникацијата помеѓу МЖСПП и единиците на локалната самоуправа, особено во врска со комуницирањето на прашањата поврзани со законската рамка и обуката. Ваквата комуникација треба да продолжи и ЗЕЛС би можел да има улога на медијатор помеѓу МЖСПП и единиците на локалната самоуправа кога станува збор за комуникацијата поврзана со законодавство и обуки.

Средбите помеѓу Секторот за соработка со локална самоуправа и управно-надзорни работи и ЗЕЛС треба да продолжат редовно и да се организираат неколку пати годишно, со цел обезбедување и одржување на координација помеѓу ЗЕЛС и ЕЛС.

## 3.2 Процедури за комуникација и координација

Процедурите за комуникација и координација треба да се одржуваат помеѓу оние страни кои треба да комуницираат и истите претходно ќе се договорат околу процедурите. Секоја институција претходно ќе се договори за најсоодветниот начин на комуникација и координација за разни цели и за разни работи, користејќи ги механизмите за комуникација наведени во поглавје 3.1.

**Неформална комуникација**

Неформалната комуникација е исто така важна за обезбедување на успешна комуникација помеѓу институциите. Ваквиот вид на комуникација може да се користи тогаш кога се работи за неформално прашање и кое не е поврзано со формалната имплементација на законодавството, или на процедури и прашања кои се законски обврзувачки. Ваквиот вид на комуникација може да се користи и за советодавни цели помеѓу МЖСПП и единиците на локалната самоуправа, Државниот инспекторат за животна средина и ЕЛС, помеѓу МЖСПП и другите сектори во рамките на МЖСПП. Неформалната комуникација може да биде преку телефон, со директен контакт (состаноци, работилници) или емаил, каде не е неопходно вклучување на службеникот за комуникации и каде не се бараат докази за воспоставената комуникација.

**Формална комуникација**

Формлната комуникација е суштинска за воспоставување на комуникација помеѓу институциите, секторите и другите релевантни страни. Овој вид на комуникација може да се користи во следниве ситуации:

- Кога МЖСПП или ЕЛС бараат официјални документи и/ или информации
- Кога известувањето за одредени прашања претставува законска обврска за ЕЛС
- Кога треба да се испраќаат информациите за новоусвоени или изменети законски решенија
- Сите други информации кои МЖСПП ги бара од ЕЛС

Формалната комуникација ќе биде воспоставена преку службеникот за комуникации (во двете институции кои комуницираат за одредена работа), или службеникот за комуникации ќе биде вклучен во комуникацијата за да може истата лесно да се следи во случај на немање одговор.

**Слика 2 – Формална комуникација**




### Службеник за комуникации

Службеникот за комуникации е лицето задолжено за одржување на формалната комуникација, преку редовно прибирање и испраќање на информациите помеѓу органите за животна средина на локално и централно ниво. Во секоја институција ќе има одговорно лице до која ќе може да се упатат конкретни прашања, и од која ќе се добива повратен одговор. Така што, информациите кои се добиваат, споделуваат и доставуваат до секоја институција да можат да се најдат на едно место. Ова се некои од прашањата за кои може да се комуницира:

- Усвојување на нови законски решенија и измени на постојните;
- ЛЕАП-и;
- Б-ИСКЗ;
- Елаборати;
- Програми за управување со отпад
- Активности за подигнување на јавната свест, вклучување на јавноста во процесот на донесување одлуки
- Нови и успешно заокружени проекти во институцијата и информирање за резултатите

Имињата и улогите на службениците за комуникации во секоја институција ќе бидат добро познати и истите редовно ќе се ажурираат во случај на евентуални измени или промени.

### Средби и работилници на службениците за комуникација

Службениците за комуникација во секоја институција ќе имаат редовни средби или ќе организираат работилници. Средбите ќе се организираат еднаш или двапати годишно, на кои секој службеник ќе има можност да дискутира за разни прашања поврзани со комуникацијата, за начините на подобрување на комуникацијата и споделување на добри искуства од тековната комуникација.

## 3.3 Алатки за комуникација и координација

Постојат разни алатки за комуникација и соработка кои можат да се користат за разни цели и разни видови на комуникација. Истите можат да се користат за формална и неформална

комуникација како и за еднонасочна или двонасочна комуникација. Во долната табела се дадени алатките за комуникација, видот на комуникација за кој можат да се користат, надлежните органи и рокот за давање одговор во случај на двонасочна комуникација. Овие алатки се дополнување на алатките и каналите кои се прикажани во табелата 1 во делот 3.1.

**Табела 2 – Алатки за комуникација и како можат да се користат**

| Алатка за комуникација | Вид на комуникација | Кој е задолжен | Рок за одговор |
|---|---|---|---|
| **Соопштенија** | Формална, еднонасочна | МЖСПП, ЕЛС | / |
| **Медиуми (вести, тематски ТВ емисии)** | Неформална, формална, еднонасочна | МЖСПП, ЕЛС | / |
| **Конференции/ обуки/ едукација** | Формална, двонасочна | МЖСПП | Веднаш |
| **Јави дискусии/ форуми** | Формална, двонасочна | МЖСПП, ЕЛС | 15-30 дена (зависно од она што е договорено помеѓу учесниците) |

| Алатка за координација | Вид на координација | Кој е задолжен | Рок |
|---|---|---|---|
| **Објавување на документ - упатство** | Формална, еднонасочна | МЖСПП | Согласно измените во законодавството |
| **Реализирање на обуки** | Формална, еднонасочна | МЖСПП | Во согласност со LTTP |

## 3.4 Одржување и евалуација на механизмите за комуникација и координација

Систематската комуникација и координација може да овозможи преку континуирани долгорочни активности за комуникација кои се фокусираат на конкретни целни групи и на внимателно избрани цели. Кога ја планираме стратегијата за комуникација и координација, треба да овозможиме спроведување на евалуација и на мониторинг, со користење на алатките и каналите за комуникација. Исто така е многу важно да се обезбеди и двонасочна комуникација во која два различни ставови ќе бидат земани предвид во насока на унапредување на комуникацијата и соработката.

Интерната комуникација во рамките на организацијата (МЖСПП, ЕЛС) исто така е многу важна и треба внимателно да се планира и да се воспостави. Мора да се обезбеди хиерархија во комуникацијата ако сакаме пораката да биде успешно пренесена.

Исто така е многу важно единиците на локалната самоуправа да доставуваат тримесечни извештаи за имплементацијата на законодавството како и за другите активности во животната средина. МЖСПП треба да изготви своја методологија за евалуација и мониторинг на единиците на локалната самоуправа во врска со напредокот во имплементацијата на законодавството за животна средина на локално ниво. Во табелата подолу е даден пример за една едноставна евалуација:

***Методи за евалуација на комуникацијата и координацијата***

Ова е пример за тоа како би можело да се прави евалуација. Вистинските параметри ќе бидат определени од МЖСПП со користење на следниве критериуми.

**Табела 3 – Параметри за евалуација на комуникацијата и координацијата**

| Активност за комуникација | Зачестеност | Дали е постигната целта (ДА/НЕ) | Евалуација (1-5) |
|---|---|---|---|
| **E-mail комуникација** | Еднаш месечно | | |
| **Состаноци, работни групи** | Еднаш на 2-3 месеци или двапати годишно | | |
| **Електронски билтен** | Тримесечно | | |
| **Мрежа на ЗЕЛС за животна средина** | На барање на МЖСПП | | |
| **Официјална комуникација на писмено** | Еднаш неделно | | |

Секој параметар оценет со 4 или 5 се смета за позитивен параметар кој покажува дека била воспоставена комуникација и дека така треба да се продолжи. Оценките ќе се даваат врз основа на зачестеноста и според тоа дали е постигната целта. Во случај на оценка пониска од 3, оваа комуникација треба да се подобри преку позачестена комуникација како и работа во насока на остварување на целта за комуникација.



*Одрекување од одговорност:*

*Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Ramboll Danmark A/S и нејзините конзорциумски партнери и на никаков начин не ги одразува гледиштата на Европската Унија.*

*Овој проект е финансиран од Европската Унија*